Асоцијацијата за економско истражување, застапување и донесување економски политики “Finance Think” – Скопје е посветена на вработување и соработка со високо-мотивирани, амбициозни и талентирани економисти кои се способни да размислуваат креативно за решавање на економските проблеми.

Во моментот, слободни се следните работни позиции:

1. Економски аналитичар-истражувач
2. Помлад економски аналитичар
3. Помлад аналитичар на податоци

За **работното место под реден број 1**, потребни се следните квалификации:

- Магистратура во областите на економски развој, макроекономија, финансиски систем и сродни области, со просек од најмалку 9.00 (или еквивалент)
- Познавање економетриски техники на интермедијарно ниво
- Познавање англиски јазик и напредна компјутерска писменост
- Работно искуство во економско истражување (институционално или на проекти) од минимум 3 години

Предност ќе имаат кандидати со:

- Докторат во наведените област
- Работно искуство во странска истражувачка институција

За **работното место под реден број 2**, потребни се следните квалификации:

- Дипломски студии во областите на економски развој, макроекономија, финансиски систем и сродни области, со просек од најмалку 8.5 (или еквивалент)
- Познавање економетриски техники на основно ниво
- Познавање англиски јазик и напредна компјутерска писменост

Предност ќе имаат кандидати со:

- Магистратура во горенаведените области
- Работно искуство во економско истражување (институционално или на проекти)

За **работното место под реден број 3**, потребни се следните квалификации:

- Дипломски студии во областите на економски развој, макроекономија, финансиски систем и сродни области, со просек од најмалку 8.5 (или еквивалент)
- Познавање англиски јазик и напредна компјутерска писменост
- Познавање статистички техники за анализа на податоци (работа во Ексел или друг статистички пакет)

Предност ќе имаат кандидати со:

- Познавање економетриски техники
- Работно искуство во работа со бази со податоци

Документите кои ги докажуваат горните барања, заедно со мотивациско писмо (една страна), да се доставaт по електронски пат на info@financethink.mk најдоцна до 31.8.2014.

Првичната селекција ќе се спроведе врз основа на доставените апликации. Само избраните кандидати во втор круг ќе бидат повикани на интервју.